КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## Декември 2022

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
www.mapas.mk 02/3224-229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Светските пазари на капитал по два месеци раст, во текот на декември 2022 година забележаа пад и покрај намалениот интензитет во зголемувањето на референтните каматни стапки од страна на централните банки во борбата против инфлацијата. Како главна причина за ова се наведува рецесијата која ја предвидуваат голем дел од банките во светот.

Падот на глобалниот индекс MSCI ACWI во последниот месец од 2022 изнесуваше 4,05% и годината ја заврши со вредност помала за 19,80% од почетокот. Според регионите, најголем пад имаат американските акции мерени преку S&P 500 индексот од 5,90%, а најмал пад од 0,42% бележи индексот MSCI Asia - Pacific кој ги опфаќа азиските акции. Од почетокот на годината најголемо намалување на вредноста имаат акциите од земјите во развој и брзорастечките земји искажани преку MSCI Emerging Market индексот кое изнесува -22,37%.




**MSCI Asia - Pacific** - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик
**MSCI Emerging Market** - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во текот на месецот вредноста на МБИ-10 индексот порасна за 1,70%, но од почетокот на годината е помала за 8,14%. Значаен раст од 20,93% забележаа акциите на Уни Банка која од почетокот на 2023 година влегува во структурата на индексот МБИ-10 на местото на Стопанска Банка Битола. Најголем пад за декември имаа акциите на Гранит од 6,24%, додека на годишно ниво најголем пад имаат акциите на Стопанска Банка кој изнесува 21,61% и НЛБ Банка со пад од 18,62%.






# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Високите стапки на инфлација присутни во повеќето економии, доведоа до затегање на монетарната политика од страна на централните банки, што од друга страна резултираше со значително зголемување на приносите на обврзниците. На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската со принос од 6,13%, додека јапонската десетгодишна обврзница како и претходно има најнизок принос, но зголемен во однос на претходниот месец изнесувајќи 0,42%.




** Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

После големиот пад со почетокот на војната во Украина, руската рубља (RUB) целосно ја врати изгубената вредност во однос на еврото и го надмина нивото од почеток на годината за 7,69%, но повторно бележи огромен пад во текот на декември кој достигна 19,75%. Најголем раст на вредноста во однос на еврото имаше јапонскиот јен (JPY) чија вредност за месецот се зголеми за 2,36%. Во текот на декември, амерканскиот долар (USD) остварува пад трет месец во низа кој сега изнесува 2,79%. Најголемо намалување на вредноста од почетокот на годината споредено со еврото има јапонскиот јен (JPY) изнесувајќи 6,75%.



Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*